**Влада на Република Северна Македонија**

Дата: 18 март 2025 година
Архивски број: 50-2773/ 4
До: Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост, што го утврди на седницата, одржана на 18 март 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереник Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

Подготвил: Христина Мишевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд

Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд

ПОВЕРЕНИК: Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост

Скопје, март 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20) се уредуваат стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост се врши усогласување на надлежностите на ова министерство утврдени во член 11 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со кој Министерството за економија се преименува во Министерство за економија и труд .

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

Исто така, предложените измени и дополнувања на Законот за индустриската сопственост е и заради усогласување со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, што претставува законска обврска.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА
ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.21/09, 24/11, 12/14 ,41/14, 152/15, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) во член 103 во ставот (1) точка 3), ставот (3) точка 1) и ставот (4) по зборот „економија" се додаваат зборовите „и труд".

Член 2

Во член 109 во ставовите (1) и (4) по зборот „економија" се додаваат зборовите „и труд".

Член 3

Во член 113 во ставот (1) по зборот „економија" се додаваат зборовите „и труд".

Член 4

Во член 115 во ставот (6) по зборот „економија" се додаваат зборовите „и труд".

Член 5

Во членот 316 по зборот „економија" се додаваат зборовите „и труд".

Член 6

Во член 322-а во ставот (4) по зборот „економија" се додаваат зборовите „и труд".

Член 7

Низ целиот текст на Законот зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост содржи 8 члена.

Со членовите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од предлог законот се врши усогласување на одредбите од законот согласно член 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24).

Со членот 7 се врши усогласување на одредбите од овој закон со амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

Со членот 8 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ
Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА
Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерството за економија и труд во член 11 со кој се менува членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24)

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 103

(1) Земја увозник од членот 102 став (1) е секоја земја во која се извезуват фармацевтски производи и може да биде:
1) која било најмалку развиена земја наведена како таква на листата на Обединетите нации (ОН);
2) која било членка на СТО,освен најмалку развиената земја членка од точката (1) на овој став,која упатила известување до Советот на ТРИПС за намерата да го користи системот како земја увозничка, било да го користи системот во таа смисла во целост или делумно;
3) која било земја која не е членка на СТО, а која од страна на собранието за помош и развој на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) е наведена на листата на земји со низок доход на бруто националниот производ по глава на жител кој е помал од 745$, и за која Министерството за економија е известено дека е со намера да го користи системот како земја увозник,без оглед дали на тој начин ќе го користи системот во целост или делумно.
(2) Земја членка на СТО ако дала изјава дека нема да го користи ова право, не ги задоволува условите да го користи системот како земја увозничка
(3) Земјите увознички кои не се членки на СТО, а се најмалку развиени земји и земји во развој и ги задоволуваат барањата од ставот (1) на овој член, мораат да ги исполнат дополнителните барања;
1) земјата увозничка е должна да испрати известување директно до Министерство за економија;
2) земјата увозничка е должна во известувањето да наведе дека системот ќе го користи на решавање на проблеми од јавното здравство, а не како средство за постигнување индустриски или трговски цели, и дека ќе ги применува мерките од точката 4 од Одлуката;
(4) Судот може врз основа на тужба од носителот на правото или Министерството за економија да укине присилна лиценца ако земјата увозничка не ги почитува обврските од ставот (3) точка 2 на овој член.

Член 109

(1) Во текот на одлучувањето по барањето за издавање присилна лиценца, судот проверува дали;
1) секоја земја увозничка наведена во барањето која е членка на СТО испратила известување до СТО во согласност со Одлуката, односно дали секоја земја увозничка наведена во барањето која не е членка на СТО го известила Министерство за економија во согласност со одредбите на овој член за секој производ од барањето независно од можноста која ја имат најмалку развиените земји во согласност со Одлуката;
2) количеството на производот наведено во барањето да не го надминува она за кое земјата увозничка како членка на СТО, го известила СТО, односно Министерство за економија
3) вкупното количество производи за кои е дозволено призводство во однос на која било земја увозничка значително не го надминува количеството за кое таа земја пратила известување до СТО, односно до Министерството за економија,земајќи ги предвид другите издадени присилни лиценци.
(2) Во одлуката на судот се наведуват дејствијата за чие производство се овластува подносителот на барањето, а кои се неопходни за производство, за извоз и дистрибуција во земјата,односно во земјите наведени во барањето.
(3) Во одлуката на судот се наложува производите да бидат јасно означени со посебни етикети или ознаки дека се произведени врз основа на присилна лиценца така што ќе се разликуваат од оние што ги произведува носителот на правото и тоа со посебно

пакување и/или посебни бои и облици, ако таква разлика е возможена и нема големо влијание на цената.
(4) Судот во одлуката му наложува на примателот на лиценцата пред испораката во земјата увозничка на веб станицата да стави податоци за количеството на призводите со кои ги снабдува земјите увознички со производите добиени со присилна лиценца како и за начинот и видот на обележување на тие производи, и за адресата на таа страница да го информира Министерството за економија и Министерството за здравство.
(5) Судот може врз основа на предлогот за осигурување на докази поднесен од носителот на правото да изрече мерка да се изврши увид во работните книги и другите документи за прием на лиценца, искучиво заради проверка дали се исполнуваат сите обврски од одлуката за издавање присилна лиценца, особено заради проверка на конечното одредиште на производот при што работните книги и документи мора да содржат доказ за извозот на производот, во облик на извозна декларација која ја проверила царината, како и доказ за увозот.

Член 113

(1) Судот преку Министерството за економија ќе го извести Советот на ТРИПС за правосилните пресуди за издавњето на присилна лиценца,условите под кои е издадена,нејзиното прастанување и измена.
(2) Податоци кои се доставуваат се:
1) име и адреса на примателот на лиценца;
2) производ на кој се однесува;
3) обезбеденото количество;
4) земјата увозничка;
5) траењето на лиценца и
6) адреса на веб страницата од членот 109 став (5) на овој закон.

Член 115

(1) Ако постои основа за сомневање дека производите произволени на основа на присилна лиценца издадена во согласност со одредбите на овој закон се увезени на подрачјето на Репубика Македонија,спротивно на одредбите од членот 113 став (1) на овој закон, царинските органи заради проверка ќе ги задржат конкретните производи толку колку што е потребно, но најмногу до десет работни дена. Ако постојат посебни околности,царинските органи можат да одлучат за продолжување на рокот најмногу за дополнителни десет работни дена.
(2) За задржувањето од ставот (1) на овој член,царинските органи,без одлагање,ќе го известат носителот на правото и производителот или извозникот на тие производи и ќе го повикат да достави податоци и докази за производите.
(3) Ако царинските органи,во период на задржување, утвдат повреда на присилна лиценца, спротивно на забраната од членот 114 став (1) на овој закон, ќе ги запленат производите и ќе ги отстранат од прометот, во согласност со царинските прописи.
(4) Постапката за задржување и запленување е на трошок на увозникот, во согласност со царинските прописи. Солидарно со увозникот, за трошкоците одговара и секое друго лице кое се обидело да направи незаконски увоз.

(5) Ако се утврди дека со увозот на производи кои се задржани во согласнот со одредбите од овој член е прекршена забраната од членот 114 став (1) на овој закон и ако се почитувани царинските прописи, царинските органи ќе ги пуштат производите во промет на територијата на Република Македонија.
(6) Во врска со запленувањето и уништувањето производи во согласност со одредбите на овој член царинските органи ќе го известат Министерството за економија.

Член 316

Надзор на спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.

Член 322-а

(1) Државните пазарни инспектори се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(2) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(3) Личните податоци од ставот (2) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(4) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за економија.